Врз основа на член 116 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124 /19 и 155/25) Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ И ЗА ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

### Член 1

Во Правилникот за овластување за овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија" бр.95/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.183/19 и 246/24), во членот 9, ставот (3) се менува и гласи:

,,(3) Доколку се утврди повреда на некои од одредбите од став (1) на овој член, организациониот облик од став (2) на овој член изготвува записник во кој ги констатира повредите, забелешките, изјавите и другите релевантни факти и околности со приказ на утврдената фактичка состојба. За констатираните повреди од ставот (1) алинеји 1 и 8 од овој член, а во насока на докажување дали е сторена повредата во моментот на изготвување на геодетскиот елаборат, се приложуваат и други докази (премер, теренска скица, фотографии и друго) кои се составен дел на записникот и врз основа на истите се цени дали во времето на изготвување на геодетскиот елаборат од извршен премер, прикажаната фактичката состојба соодветствува со фактичката состојба утврдена на денот на извршената контрола, од што се констатира дали е сторен прекршокот. Во записникот се наведуваат и олеснувачките, односно отежнувачките околности, доколку ги има."

По ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6) кои гласат:

„(4) Во зависност од утврдената фактичката состојба и утврдените повреди пропишани согласно закон, како и од оценката на олеснувачките или отежнувачките околности, овластеното службено лице ја одмерува прекршочната санкција согласно закон (опомена или глоба), односно изготвува предлог решение за одземање на овластувањето. Како олеснувачки околности се сметаат неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за прв пат и не предизвикал штетни последици за трето лице,ниту пак бил загрозен јавниот интерес.

(5) Во случај на утврдени олеснувачки околности, овластеното службено лице доставува предлог за опомена како прекршочна санкција до прекршочната комисија, а во случај кога се изрекува глоба како прекршочна санкција согласно закон, овластеното службено лице ја одмерува висината на глобата согласно Законот за прекршоци, поведува постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, односно прекршочна постапка до надлежен орган. Овластеното службено лице доставува до директорот на Агенцијата и предлог решение за одземање на овластувањето на овластениот геодет.

(6) Прекршочната комисија, како прекршочен орган на Агенцијата, изрекува прекршочна санкција – опомена согласно Закон за прекршоците, за сторен прекршок пропишан во Законот за катастар на недвижности, ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска или со прекршокот е нанесена штета, а

сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета или ако прекршокот е сторен за прв пат и не предизвикал штетни последици за трето лице, ниту пак бил загрозен јавниот интерес“

Ставовите (4), (5), (6) и (7) од овој член, стануваат ставови (7), (8), (9), и (10).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-3838/1
28 март 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Миладин Наумоски, с.р.